Бр./Nr 12-2604/2

16-10-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2604/1 од 01.10.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости на изборниот процес, односно за наводи против ----------, носител на советничката листа на политичката партија ---------, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори, 2025 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што наводите изнесени во пријавата не упатуваат на повреда на член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на член 8-а и член 8-б од Изборниот законик.

Предметот со број 12-2604/1 од 01.10.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, преку електронска пошта, на ден 01.10.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори, 2025 година и оформен е предмет број 12-2604/1 од 01.10.2025 година.
Во пријавата се изнесени наводи дека лицето ---------, во својство на носител на советничката листа на политичката партија --------, на прес конференција давала Изјава за медиумите, дека синот на -------, претседател на локалниот огранок од

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

политичката партија ------- и актуелен кандидат за градоначалник на -------, сторил сообраќаен прекршок управувајќи моторно возило марка ауди со 185 км/ч.

Со ова, подносителот смета дека од страна на -------, носител на советничката листа на политичката партија ------, бил прекршен Изборниот законик, со тоа што за време на изборниот период одржала прес конференција со цел добивање на политички поени.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што изнесените наводи во пријавата не упатуваат на повреда на член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на член 8-а и член 8-б од Изборниот законик, а дополнително во врска со наводите, подносителот има право на граѓанска постапка пред надлежен суд.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик – претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК